РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 1409-273/6

| | |
|---|---|
| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 23.09.2020 година | REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT |
| АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ | AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË |
| ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ | BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË |

Република Северна Македонија
Меѓународен Универзитет Визион
Universiteti Ndërkombëtar VIZION
International VISION University

| Примено / E pranuar: 02.10.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Организ. / Nj.org. / Org.bir. | Број / Numër / No. | Прилог / Shtojcë / Neano | Вредност / Vlera / Deger |
| 03 | 1287/2 | | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 4 седница одржана на 08.07.2020 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за акредитација на студиската програма „Архитектура", од прв и втор циклус интегрирани академски студии на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен Универзитет Визион Гостивар

1. Се акредитира студиската програма за „Архитектура", од прв и втор циклус интегрирани академски студии на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен Универзитет Визион Гостивар, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2020/2021 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 300 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер на науки по архитектура /во меѓународен промет академски назив Master of sciences in architecture

Научно - истражувачко подрачје: Техничко - технолошки науки.
Научно – истражувачко поле: Архутектура, урбанизам и планирање
Научно – истражувачка област: 20100 архитектонско проектирање и дизајн, 20101 структурални анализи, 20102 нормативи во организација на просторот, 20103 развој на архитектурата и урбанизмот и културното наследство, 20104 методологија на проектирање, 20105 градски центри, 20106 рурална средина, 20107 инфраструктурални системи, 20108 материјали и технологија на градење, 20109 стандардизација на материјали и типизација на делови и градежен склоп, 20110 монтажа во масовна изградба, 20111 префабрикација и монтажа во архитектура, 20112 архитектонски конструкции, 20113 конзервација и ревитализација на културно историски споменици, 20114 урбано и просторно планирање и проектирање, 20115 урбанистички нормативи, 20117 архитектонска физика и 20118 друго

4. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 30 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По предходно донесената одлука бр. 02-01-512/3 од 15.11.2018 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани студии „Архитектура“, на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен Универзитет Визион Гостивар, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.1409-273/2 од 15.05.2019 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 3-та седницата одржана на 01.07.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.1409-273/5 од 31.08.2020 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 4-та седница одржана на 08.07.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски